АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
Бр. 02-174/7
10.08. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

# НА

# АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ

**Август, 2023 година**

**Агенција за пошти**
Кеј “13-ти Ноември”ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, 27/2014, 42/2014, 187/2014, 146/2015, 31/2016, 190/2016, 64/2018, 248/2018, 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија," бр. 275/2019, 150/2021 и 227/2022), во согласност со Политика на интегритет на Агенција за пошти бр. 03-84/2 од 07.03.2023 година, Комисијата на Агенција за пошти на состанокот одржан на 10.08.2023 година донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## Цел

**Член 1**

Системот на интегритет воспоставен во Агенцијата за пошти е во насока на заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси.

Агенцијата за пошти и нејзините вработени во своето работење му даваат приоритет на јавниот интерес и поттикнуваат и развиваат организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да се овозможи ефикасно спречување на судирот на интереси, во Агенцијата за пошти се применуваат прописите со кои се утврдени должностите за пријавување на интересите, се укажува на должноста службените лица да внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и да ги преземат мерките утврдени со закон, за негово одбегнување и рано откривање и навремено реагирање во ситуации на судир на интереси.

Со преземање мерки за спречување судир на интереси, Агенцијата за пошти презема мерки за надминување на потенцијални слабости односно ризици и го штити својот интегритет и углед.

## Опфат

**Член 2**

Овој Правилник за постапување во случај на судир на интереси се однесува на директорот, членовите на Комисијата на Агенцијата за пошти, вработените лица, како и на други лица ангажирани за вршење работа за Агенцијата за пошти по кој било основ.

## Дефиниции

**Член 3**

Под **судир на интереси** се подразбира „состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".


**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

**Облици на судир на интереси**

**Член 4**

**„Реален (де факто) судир на интереси“**: вклучува директен судир помеѓу тековните обврски и одговорности на службеното лице и неговите постојни приватни интереси.

**„Привиден судир на интереси“** се однесува на ситуација каде што постои личен интерес кој што разумно од страна на другите би можело да го сметаат дека влијае на извршувањето на должностите на службеното лице, иако всушност не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание.

**„Потенцијален судир на интерес“** постои кога службеното лице има приватен интерес што би можело да биде во судир со неговата службена должност во иднина.

**„Непотизам“** е дефиниран со закон како „судир на интереси при вработување на блиски роднини“.Службеното лице не може да влијае на вработувањето или унапредувањето на блиско лице во органот во кој е избран или именуван како јавен функционер или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, над кој надзор врши органот во кој е избрано или именувано лицето.

**Службени и блиски лица**

**Член 5**

**„Службени лица“** се сите избрани и именувани лица и вработените, чија главна задача е да служат на јавниот интерес.

Под поимот **„блиски лица“** се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес (татко, мајка, брат, сестра, чичко, тетка, вујко, први братучеди, зет / тешта – тест, снаа / свекор - свекрва, очув / маќеа / пасторци, дедо, баба и внуци на брачен другар, браќа и сестри на брачен другар).

**Приватен интерес**

**Член 6**

**„Приватен интерес“** е секоја придобивка - остварување на каква било материјална или нематеријална корист, поволност или предност за себе или за друг во вршењето на јавните овластувања:

- **материјална корист**: недвижен имот, движен имот или која било друга корист што може да се искористи (вработување, договор на дело, котизација, парични награди, патување, итн.), и
- **нематеријална корист**: други форми на привилегии кои не можат директно да се вреднуваат парично, но се присутни во конкретниот пример како додадена вредност за примачот (услуги, права, признанија, референци, статус, функција итн.).

**Влијание**

**Член 7**

Секој приватен интерес влијае на објективноста и непристрасноста на службеното лице. Правната дефиниција содржи „реално“ (влијание) и „потенцијално“ (може да влијае) влијание:

- **„реално влијание“** значи директна злоупотреба на службена должност за приватни интереси или неовластено користење на јавните овластувања или службени должности за овозможување корист на самиот јавен функционер или лица поврзани со него.
- **„можното или потенцијалното влијание**“, не мора да значи дека има материјална неправилност или незаконитост, но претставува значителна закана за довербата на јавноста во правилното, законското, транспарентно и објективно вршење на службената должност, со што се нарушува интегритетот и кредибилитетот на органот и вработените.

**Јавно овластување / јавна функција / службена должност**

**Член 8**

**„Јавно овластување“** е овластување кое е пренесено од државата одредено лице да врши работи од јавен интерес, додека „службена должност “подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице“.

**Форми на судир на интереси**

**Член 9**

Судирот на интереси може да се манифестира во различни форми и во различни ситуации, како што се:

- **Непотизам**

- Забрана за влијание за вработување блиски роднини,

- **Неспоивост на функции, активности и поседување акционерски права**
  - Забрана за вршење на други дејности;
  - Забрана за членство во управни и надзорни органи;
  - Забрана за стекнување акционерски права.
- **Ограничување за вршење дејност**
  - Ограничување за вршење дејност при вршење на јавна функција;
  - Ограничување за вршење дејност по престанокот на функцијата,
  - Ограничувања во соработката со правни лица.
- **Злоупотреба на службени податоци, буџетски средства, заеми, државна помош и државен имот**

## Должности за спречување судир на интереси

### Член 10

**Службеното лице** во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален односно потенцијален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Внимавањето подразбира и спроведување самопроценка на ризикот односно постоењето на судир на интереси во вршењето на јавни овластувања односно службените должности, спроведување на постапки и донесувањето на одлуки со кои се одлучува за некаква корист односно погодност.

Службеното лице во своето работење односно вршење на функцијата избегнува да се најде во ситуација да спроведува или да учествува во спроведување постапка или да донесува или да учествува во донесување на одлука со која се одлучува за добивање на каква било корист односно погодност за себе или роднина или друго блиско лице.

## Иземање и запирање на постапување

### Член 11

Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, веднаш бара да биде изземено и да запре со своето постапување.


**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

За околностите, службеното лице ги информира претпоставениот, овластеното лице за интегритет на Агенцијата за пошти и Државната комисија за спречување на корупција.

Кога службено лице ќе се најде во ситуација да учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице го пријавува постоењето на приватниот интерес и се иззема пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Органот или телото на чија седница/ состанок службеното лице го соопштило постоењето на приватен интерес, тоа го констатира и внесува во записник.

Службеното лице се иззема од вршењето на определено дејствие и со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

**Спречување на влијанието на приватниот интерес**

**Член 12**

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице ги презема сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа го известува својот претпоставен.

**Пријавување имотна состојба и интереси**

**Член 13**

Директорот и членовите на Комисијата на Агенција за пошти, до Државната комисија за спречување на корупцијата пријавуваат имотна состојба и интереси, како и промени во имотната состојба и интересите, во рок и на начин утврден со Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

Пријавувањето имотна состојба и интереси односно поднесувањето на изјавата за имотна состојба и интереси е лична обврска.

Државната комисија за спречување на корупцијата може да побара од службеното лице кое согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси нема обврска да пријави имотна состојба и интереси да достави изјава, како и да спроведе постапка за испитување на неговата имотна состојба кога постапува по предмет во кое е вклучено тоа лице.

**Забрани и ограничувања за вршење на други дејности**

**Член 14**

Службеното лице ги почитува сите со закон утврдени ограничувања за вршење на дејност за време на вршењето на функцијата и во периодот по престанокот на функцијата односно должноста.

**Избраното односно именуваното лице**:

- за време на траењето на својот мандат ги почитува со Уставот и законите утврдените правила за неспоивост на нивната функција со други функции или дејности;
- истовремено не врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал;
- ја почитува забраната согласно која не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавно претпријатие, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал;
- доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, управувањето му го доверува на друго лице или тело, освен на членови на своето семејство;
- не воспоставува деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство;
- не врши супервизорски или контролен надзор над работа на блиско лице, во врска со вршењето на јавните функции, овластувања и должности;
- не склучува договор за спонзорство во свое име;
- не склучува договор за спонзорство ниту прима донација во име на Агенцијата за пошти;
- не поседува удели или акции, ниту користи грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа, што влијае или може да влијае на законското, објективно и непристрасно извршување на јавните овластувања;
- во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до Агенцијата за пошти доставува податоци со кои ги пријавува правните лица кои се негова сопственост, во кои има акции и удели или управувачка функција, заради објавување на тие податоци на веб-порталот на Агенцијата.
- согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси- во утврдениот рок ја известува Државната комисија за спречување на корупција,

за преносот на правата односно поднесената оставка од членство во орган на управување, со поднесување на соодветен доказ;

- во рок утврден со закон до Државната комисија за спречување на корупцијата го пријавува секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство,
- не ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

**Службено лице кое не е избрано односно именувано лице:**

- не воспоставува деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство;
- не врши супервизорски или контролен надзор над работа на блиско лице;
- не склучува договор за спонзорство ниту прима донација во име на Агенцијата за пошти;
- не поседува удели или акции, ниту користи грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа, што влијае или може да влијае на законското, објективно и непристрасно извршување на јавните овластувања,
- не ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

**Ограничувањата за вршење други дејности или активности**

**Член 15**

Ограничувањата за вршење други дејности или активности важи за време на мандатот на службеното лице, но некои ограничувања важат и по престанокот на јавната функција. Законот дефинира дека:

Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може:

- да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности;

- да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор.

Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:

- да врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со органот во кој претходно работел имаат или воспоставуваат договорен, односно деловен однос;
- да застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки,
- да врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.

**Механизам за идентификација на судир на интереси**

**Член 16**

Со цел да се овозможи ефикасно управување со судирот на интереси во Агенцијата за пошти се имплементира механизми за идентификација на судирот на интереси согласно насоките утврдени во законската регулатива кои опфаќаат донесување на:

- Интерна методологија која се однесува на судир на интереси,
- Листа за самооценување, прилог 1.

**Отчетност и пријавување**

**Член 17**

Сите ситуации на потенцијален судир на интереси треба да се пријават без оглед дали службеното лице смета дека конкретната ситуација влијае врз јавниот интерес или не.

Во случај на двоумење и нејаснотии, службените лица секогаш треба да се консултираат со претпоставените во Агенцијата за пошти во која се вработени или со Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Член 18**

Прикривањето на постоење судир на интереси од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување и објавување на огласната табла на Агенцијата за пошти.

АГЕНЦИЈА ЗА ПОШТИ
**Комисија**
**Борче Груевски, Претседател**

Бр.
10.08.2023 година

# АНЕКС

## Контакт податоци за овластеното лице за интегритет во Агенцијата за пошти

| Име и презиме | Директорат | Звање | Контакт телефон | Е-пошта |
|---|---|---|---|---|
| Мартин Спасовски | Директорат за заштита на правата на корисници и односи со јавност | Соработник за решавање на спорови | (02) 3 212 107 лок.219 | martin.spasovski@ap.mk |

**Агенција за пошти**
Кеј "13-ти Ноември"ГТЦ кат 2 зграда 4 влез 1 локал 2, 1000 Скопје
email: info@ap.mk; http://www.ap.mk
тел/факс 02 3 212 107

ПРИЛОГ 1

Листа за самооценување на службените лица

1. **Дали сум службено лице со обврска да избегнувам судир на интереси?**

   ДА – Неопходно е да се земат предвид обврските во однос на судир на интереси

   НЕ – нема судир на интереси

2. **Дали извршувам јавни овластувања/ службени должности во овој момент?**

   ДА – Неопходно е да се земат предвид обврските во однос на судир на интереси

   НЕ – нема судир на интереси

3. **Дали тековната службена постапка за донесување на одлуки предвидува одредена корист?**

   ДА – Неопходно е да се земат предвид обврските во однос на судир на интереси

   НЕ – нема судир на интереси

4. **Дали тековната службена процедура е за одлучување за некаква погодност за мене или за мои роднини или блиски лица?**

   ДА - Може да се најдете во судир на интереси и затоа мора писмено да го информирате вашиот претпоставен (овластеното лице за интегритет) и ДКСК и да чекате на одлуката. Ако е можно, веднаш штом ќе дознаете за постоење на таква ситуација повлечете се од постапувањето

   НЕ – нема судир на интереси